Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 182/0306
23.05 2018 год.
Скопје

23.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 мај 2018 година, врз основа на примена жалба од Сашо Денесовски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Мактел“ со текстот насловен „(Фото галерија) Шокантно: Познат охридски новинар и рекетар ги рента своите ќерки во охридските хотели“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 7, 10, 13, 15 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18 мај 2018 година, сопственикот на интернет порталот "ОхридСкај", Сашо Денесовски, поднесе жалба за текстот со наслов „(Фото галерија) Шокантно: Познат охридски новинар и рекетар ги рента своите ќерки во охридските хотели", објавен на 17 мај 2018 година, на интернет порталот „Мактел" (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза и злоупотреба на деца и дека со неговото објавување авторот извршил кривично дело изнуда и уцена. Подносителот на жалбата, Денесовски, појаснува дека авторот на текстот незаконски презел две фотографии од „FACEBOOK" профилот на неговата помала ќерка и дека ги објавил на својот портал „Мактел" со целосно недолична содржина.

*„Сопственикот на Мактел.мк, Сашо Ивановски, најнапред во два телефонски повици кон мене упати закани дека доколку не му дадам пет илјади евра ќе објавел стории за мене. Недозволиво е од било каква морално етичка кривично материјална правна основа, колку и тој да сака да изврши рекетирање или на друг начин да прикаже нетпреливост спрема друг, на начин што ќе се фати за најболното нешто за секој човек, нормално – детето и притоа да користи медиум за оцрнување на деца, кои со ништо, ама баш со ништо немаат никаква вина, ниту некогаш се огрешиле спрема Законот",* посочува Сашо Денесовски во жалбата, во која наведува дека случајот бил пријавен и во полиција.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Мактел" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Уредникот на „Мактел", Саше Ивановски, одговори на наводите на жалителот.

Ивановски вели дека неговиот текст бил објавен како закана кон жалителот Денесовски за да престанел со нападите кон неговото семејство. Тој посочува дека морал да користи вакви нестандардни потези за да го заштити семејството, зашто како што наведува, жалителот Денесовски ја нарекувал неговата сопруга проститутка, а него самиот, макро. Ивановски ги отфрла наводите на жалителот дека му побарал пет илјади евра мито.

*„За објавената сторија на која се жали, ниту тој е споменат по име, ниту неговите ќерки се споменати по име, а ликовите им се затемнети. Таа сторија е објавена како закана кон него да престане со напади кон моето семејство. Треба тој и таквите како него да осетат како е кога некој ти го напаѓа најмилото, да видат колку боли*", наведува Ивановски во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите **1, 7, 10, 13, 15 и 16:**

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивно со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитива личната болка и жалост“.*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

***Член 16:*** ***„****Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со новинари, вклучувајќи ги и своите колеги“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најпрво, утврдија дека со објавениот текст, интернет порталот „Мактел“ грубо ги прекршил професионалните и етичките стандарди, на начин што авторот свесно го употребил својот медиум за пресметка со личности, во случајов, со свој колега.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Ова уште повеќе што и самиот автор на текстот и уредник на медиумот, во својот одговор на наводите на жалбата, признава дека новинарскиот производ го подготвил наменски како одговор и закана на наводните закани од страна на подносителот на жалбата.

Комисијата, меѓу другото, заклучи дека медиумиот не смеел да објави фотографии кои длабоко задираат во приватноста на личноста и лесно можат да доведат до јавно „жигосување“ на членовите на семејство на жалителот.

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот се прекршени повеќе членови од Кодексот на новинарите. Отстапувањето од членот 1 и членот 10 од Кодексот е евидентно уште во насловот на новинарскиот производ:

***„(Фото галерија) Шокантно: Познат охридски новинар и рекетар ги рента своите ќерки во охридските хотели“.***

Во согласност со членот 1 од Кодексот, проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања.

Во согласност со членот 10 од Кодексот, пак, медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација,физички недостаток итн.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 7 од Кодексот, кој вели дека новинарот треба да ја почитува приватноста на личноста и е должен да ја почитува личната болка и жалост. Прекршување на ова начело, посебно се издвојува во следната реченица од текстот:

***„Ова е сторија која штотуку ја добивме и наредните денови ќе објавиме дел по дел како ни праќаат инфо, име и видеа од сеансите на овие полнолетни девојки“.***

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во такви ситуации треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози некоја друга личност. Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во продолжение, Комисијата се согласи дека во текстот се прекршени и членовите 13 и 16 од Кодексот, што е особено е нагласено во следната реченица:

***„Човекот се пробал во новинарството, па не му успеало и се дрзнал да ги продава своите ќерки на богатата клиентела од Албанија и Холандија“.***

Во согласност со членот 13 од Кодексот, новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со членот 16 од Кодексот, пак, ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува интегритетот и достоинството, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Понатаму, членовите на Комисијата утврдија дека во текстот е прекршен и членот 15 од Кодексот, според кој, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и' се обраќа и не смее да користи непримерни, вознемирувачки и порнографски содржини во својата работа.

На крајот, Комисијата повторно констатираше дека со текстот интернет порталот „Мактел“ грубо го прекршил Кодексот на новинарите и во исто време цени дека не постоел толку силен мотив за новинарот да стори толку драстично отстапување од професионалните и етичките стандарди.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Мактел “ (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595